


**Слободен софтвер** Македонија
*Ул. Злате Михајловски бр.26*
*Тел: 070 894 752, 070 359 425*
*Факс: 02 3 179 113*
http://www.slobodensoftver.org.mk/
епошта: info@slobodensoftver.org.mk

15.12.2005, Скопје

**До:** Комисија за информатичка технологија
**Копија до:**
Влада на Р. Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

**Предмет:**
Клиентски софтвер за проверка на месечните пријави за придонеси за плати на ПИОМ

Почитувани,

Според законските прописи кои ја регулираат пензиската реформа во Р. Македонија сите обврзници ќе мораат да доставуваат месечни пријави за придонеси за плати во електронски формат. За таа цел, обврзниците мора да користат софтверска алатка која ја снабдува ФПИОМ.

Нас не радува тоа што иницијативите за електронско работење почнуваат да се остваруваат. Сепак тековната пракса не соодветствува на искажаните заложби.

Понудениот софтвер работи само под оперативните системи Microsoft Windows. Како таков, тој ги дискриминира обврзниците кои не користат такви оперативни системи на своите персонални компјутери.

Ова е во спротивност со Националната стратегија за информатичко општество, документ кој го усвои и Собранието на Р. Македонија, каде на повеќе места се споменува „независност од софтверска платформа“ и „достапност за сите“. Во стратегијата стои заложба за промовирање на слободен софтвер, која во овој случај исто така се заобиколува.

Вреди да се спомене и дека високи претставници на Владата тврдеа дека стратешкото партнерство со Microsoft нема да влијае на софтверот кој ќе се нуди за разни електронски услуги, т.е. дека граѓаните и фирмите нема да бидат принудувани да користат софтвер од одредени производители.

За жал, со софтверот кој го нуди ФПИОМ сите овие заложби паѓаат во вода. Сите обврзници, за можат да го користат овој софтвер, се принудени да користат оперативен систем Microsoft Windows кој можеби не е нивен избор заради финансиски или етички причини.




**Слободен софтвер** Македонија
*Ул. Злате Михајловски бр.26*
*Тел: 070 894 752, 070 359 425*
*Факс: 02 3 179 113*
http://www.slobodensoftver.org.mk/
епошта: info@slobodensoftver.org.mk

За да можат сите обврзници да ја исполнат, задолжителната законската обврска за доставување на пријави по електронски пат, бараме надлежните институции да го разрешат овој проблем во најкус можен рок.

Најдобро решение секако е изработка на верзија на софтверот која ќе биде мултиплатформска со што ниеден обврзник нема да биде дискриминиран и сите ветувања за независност на софтверски платформи ќе бидат одржани.

Ако ова не е можно, тогаш бараме надлежните институции да им понудат подмирување на трошоците за лиценци за Microsoft Windows на сите обврзници чии деловни планови не вклучуваат употреба на овие оперативни системи.

Срдечно,

Новица Наков
Претседател
Слободен софтвер Македонија